MLADIHUB

ydf.mk



# БРОШУРА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ОД САМОХРАНИ И ЕДНОРОДИТЕЛСКИ СЕМЕЈСТВА

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

Stella

Национален младински совет на Македонија

Издавачи
**- Здружение на млади МЛАДИ ОД СЕМЕЈНА РАЗНОВИДНОСТ - Скопје**

Автори
**- Станиша Станковиќ, Елена Божиновска**

Графичко обликување
**- Марио Стефановски**

Уредници
**- Станиша Станковиќ, Елена Божиновска**

Лектор
**- Валентина Јошевска**

Проектот „МладиХаб – надминување на нееднаквоста меѓу младите" го спроведуваат Националниот младински совет на Македонија и Stella Network, со финансиска поддршка од страна на Британската амбасада во Скопје. Целта на проектот е да ги поддржи и поттикне девојките и младите жени да бидат поактивни во општеството, да креира еднаков пристап до можностите во јавниот живот, во приватниот сектор и во процесот на донесување одлуки на локално и на национално ниво.

Скопје, 2023

# СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР** 3

**ВОВЕД** 4

**ДЕФИНИРАЊЕ ПОИМИ** 5

**СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ И ЗАШТИТА** 7

- Еднократна парична помош 7
- Гарантирана минимална помош 8
- Социјална парична помош 9
- Детски додаток 10
- Додаток за образование 11
- Надоместок за помош и нега од друго лице 12
- Надоместок поради попреченост 13
- Здравствена заштита 14
- Самохраните родители кои имаат ниски примања се ослободени од партиципација во јавна установа - детска градинка 14
- Семејна пензија 15

**ОБРАЗОВАНИЕ** 16

- Стипендија за социјална поддршка на ученици од јавните средни училишта 16
- Јавни ученички домови за сместување и исхрана на ученици од средно образование 17
- Стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовните установи 18
- Студенти запишани на додипломски студии за сместување во државните студентски домови и други објекти 19
- Право на субвенциониран студентски оброк 20

**БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ** 21 - 22

**БЕСПЛАТНА ПСИХОЛОШКА ПОМОШ** 23

**ПОВАЖНИ КОНТАКТИ И ИНФОРМАЦИИ** 24

# ПРЕДГОВОР

Драг читателу,

Огромна чест ни е што токму ТИ ја отвораш оваа брошура и си решен/а да дознаеш повеќе за твоите законски права, оние кои се твои, но и да научиш како да се бориш за она што сметаш дека не ти е доволно, дека не е праведно (верувај или не, има многу такви работи) или е неправилно.

Ние, како деца од самохрани и еднородителски семејства, ја креиравме оваа брошура со желба да ти помогнеме да научиш кои се твоите права на социјална заштита, образование и бесплатна правна и психолошка помош и се надеваме дека ќе ти го задржиме вниманието за да дознаеш што е она што законски ти следува.

Во текот на работилниците, имавме прилика да запознаеме многу млади луѓе со семејна разновидност, но и оние од традиционални семејства кои сакаа да научат нешто повеќе, па да им пренесат на своите врсници, родители, роднини, но и претставниците на здруженија и фондации кои дојдоа да нè прашаат она што сакаат да го знаат за да им пренесат на своите колеги.

Тука, би сакале да им се заблагодариме на сите млади луѓе кои придонесоа за остварување на оваа идеја, кои беа присутни на работилниците, кои активно слушаа и поставуваа прашања!

Голема благодарност упатуваме до Бојан, Андријана, Дамјан, Албина, Станиша и Елена кои го споделија своето знаење во нивниот домен, додавајќи и дел од нивното животно искуство.

И секако, најголема благодарност до Националниот младински совет на Македонија, Мрежата Стела, Британската амбасада, UK AID и MladiHub за можноста да го оствариме овој проект.

# ВОВЕД

**„Млади од семејна разновидност"** е доброволна, професионална, непрофитна организација за младите, со мисија за унапредување на родовата еднаквост и сензитивност, како и правата на младите, со акцент на деца и млади од самохрани и еднородителски семејства. Визијата на организацијата е придонес за зајакнување на младинските капацитети и вклучување на младите од социјално маргинализирани групи во јавниот живот и младинските политки.

**Станиша Станковиќ** е млад врснички едукатор и активист за правата на младите од самохрани и еднородителски семејства во Македонија. Потекнува од самохрано семејство и поради неговата животна борба, уште од средношколските денови се вклучува во водите на активизмот. Преку граѓанскиот сектор повикува на почитувањето на човековите права и слободи, борбата против насилството и дискриминацијата, но и фокусот на климатските промени. Станковиќ е Млад европски амбасадор за Западен Балкан и член на светскиот младински совет на УНЕСКО.

**Елена Божиновска** е претседателка на Здружението на млади „Млади од семејна разновдиност" и активистка за родова еднаквост и социјална инклузија со акцент на самохрани и еднородителски семејства и нивните членови. Како и Станиша, потекнува од самохрано семејство и врз тоа ја заснова својата работа за подобрување на квалитетот на животот на овие деца и млади. Елена е ко-основачка и на апликацијата Walkiie, добитник на наградата „IDEAS4ACTION" од Светска банка. Во моментот ги завршува своите магистерски студии во Рим, Италија на Универзитетот „Сапиенца" во насока на бизнис и иновации, со смер одржлив менаџмент и циркуларна економија. Има издадено неколку сопствени публикации и има освоено многу престижни награди, меѓу кои и последната од Emerging Europe.

# ДЕФИНИРАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ПОИМИ

**Семејство** во смисла на Законот за заштита на децата го сочинуваат брачните, односно вонбрачните другари, самохран родител, децата родени во брак, вон брак или посвоени, посиноци, внуци без родители земени на издржување и малолетни браќа и сестри (доколку немаат родители и се без средства за егзистенција), кои сочинуваат заедница на живеење, стопанисување и трошење.

**Самохрано семејство, односно самохран родител** е родител кој сам ги врши родителските права и должности за детето, односно децата, поради тоа што другиот родител е непознат, починат, исчезнат, во затвор повеќе од 3 години или од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и должности.

**Самохраните родители** се видливи во македонските закони согласно со Законот за социјална заштита, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019), член 4, став 4, односно во делот на **поимник** од наведениот закон.

**Еднородителско семејство** го дефинира семејството сочинето од еден родител кој живее без партнер/ка и кој/а се грижи за развојот и за подигнувањето на своето/своите дете/деца (пример, родители од разведени бракови и невенчани родители). Еднородителските семејства не се прецизно дефинирани низ правниот систем во Република Северна Македонија, но впечатлива е тенденцијата каде што низ пракса и во јавниот живот и изразување се користи овој термин, низ институционална и секојдневна форма од страна на надлежните институции, вработени во областа на социјалната заштита, претставници од различни стручни области, граѓански организации и индивидуи. Кога би била прифатена оваа дефиниција, би било полесно за идентификација на гранични премини, запишување на факултет, фотографирање за лична карта, едноставно општо - прифатена корист. Најдобар пример од регионот е Република Хрватска, која беше прва држава на Западен Балкан што имплементира ваква законска дефиниција.

**Домаќинство** во смисла на Законот за заштита на децата е едночлено домаќинство или заедница на членови на семејството, како и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување, кои заеднички живеат, придонесуваат, стопанисуваат и трошат.

# ЗОШТО Е СОЗДАДЕНА ОВАА БРОШУРА И КОЈА Е НЕЈЗИНАТА НАМЕНА?

Брошурата првенствено е наменета за деца и млади кои потекнуваат од самохрани и еднородителски семејства, за нивните родители, браќа и сестри, но блиски членови во семејството.

Брошурата е од голема важност за сите јавни и приватни институции, вработени во јавен и приватен сектор, потоа за владини и невладини граѓански организации, како и за сите наставници, професори, воспитувачи, социјални работници, педагози, психолози, младински работници, активисти за човекови права и слободи, но и за секој индивидуалец или група граѓани кои сакаат да им дадат поддршка на младите на самохраните родители и еднородителските семејства.

Брошурата ги содржи сите права и можности на децата и младите од самохрани и еднородителски семејства кои се пропишани со закон, уредба и правилник во Република Северна Македонија, сè до денот на издавање на оваа брошура и нејзината официјална употреба.

При користење на долунаведените права и услуги, согласно со член 23 од Законот за младинско учество и младински политики (Службен весник на РСМ, бр.10/20), наведен е терминот **службеник за млади**. Младинските службеници ви стојат на располагање во сите органи на државна и на локална управа. Со цел за полесен пристап до информациите кои се од интерес на младите и младинските прашања, па така и ефикасни, јасни и брзи одговори, ви препорачуваме да се обратите кај службеникот за млади, при барање одредено право и обврска согласно со законите.

# СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ И ЗАШТИТА

## ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

**Еднократна парична помош** или помош во натура му се доделува на лице или на семејство кое се нашло во состојба на социјален ризик, како и на лице и семејство поради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа на член на семејството. Под помош во натура, се подразбира обезбедување облека, исхрана и други средства за кои центарот за социјална работа ќе утврди дека се неопходни за минимална егзистенција на граѓанинот и семејството.

По исклучок, како исклучок на несреќни случаи, акутна болест која бара болничко лекување и слично, може да го користат и државјани на Република Северна Македонија кои немаат постојано живеалиште, како и странци со привремен престој и регулиран влез во Република Северна Македонија, согласно со закон.

Во Буџетот на Републиката се обезбедуваат средства за доделување на **еднократна помош** во случаи на вонредно загрозување на населението од поголеми размери:

- За задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик, а која може да остави трајни последици, поради претрпена природна непогода (земјотрес, поплава, пожар) епидемија и смрт на член на семејството,
- Лице кое има потреба од оперативен зафат или подолго лекување во здравствена установа во странство, и
- Станбено необезбедено лице корисник на **гарантирана минимална помош** и тоа лице е неспособно за работа, како помош во обезбедување нужно сместување.

Висината на правото на **еднократна парична помош** се усогласува со порастот на трошоците за живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година. **Еднократната парична помош** се остварува во центарот за социјална работа.

# ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ

Право на **гарантирана минимална помош** има домаќинство кое е материјално необезбедено и нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува.

**Еквивалентната скала се зголемува за коефициент за самохрана жена за време на бременоста еден месец пред породувањето и самохран родител до започнување на основното образование на детето, но најдоцна до седум годишна возраст на детето, а заклучно до третото дете.**

Право на **гарантирана минимална помош** може да оствари и домаќинство кое е материјално необезбедено, но има во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува, во случај кога членот на домаќинството, сопственик на имотот склучи договор за доживотна издршка со центарот за социјална работа.

**Гарантираната минимална помош** се исплаќа во висина на разликата од утврдениот износ на **гарантираната минимална помош** и вкупните просечни месечни приходи по сите основи на домаќинството, остварени во последните три месеци. Висината на **гарантирана минимална помош** се усогласува со порастот на трошоците за живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика во јануари во тековната година. **Гарантираната минимална помош** се остварува во Центарот за социјална работа.

При утврдување на висината на гарантираната минимална помош за член на домаќинство не се смета лице кое е:

- На издржување казна затвор подолго од 30 дена,
- Со решение на центарот за социјална работа е сместено во установа за вонсемејна социјална заштита, згрижувачко семејство, организирано живеење со поддршка или друга установа, и
- Сторител на семејно насилство.

Домаќинство кое користи **гарантирана минимална помош**, остварува паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството, за месеците од октомври до март. По исклучок од ставот 1 на овој член, во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), домаќинство кое користи **гарантирана минимална помош**, остварува паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството и за месеците од април до септември.

Домаќинство со деца кое користи **гарантирана минимална помош**, остварува и права за заштита на децата, согласно со Законот за заштита на децата.

# СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ

**Право на социјална парична помош** има лице способно за работа и домаќинство. Подносител, односно носител на правото на **социјална парична помош** е невработено лице, кое активно бара работа согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, материјално необезбедено и кое според други прописи не може да обезбеди средства за егзистенција.

За материјално необезбедено се смета лице и домаќинство кое остварува приходи по сите основи пониски од износот на **социјалната парична помош**, утврден со овој закон и кое не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува.

За секој следен член на домаќинството основицата се зголемува за коефициент 0,37, а најмногу до пет члена. Висината на **социјалната парична помош** се усогласува со порастот на трошоците за живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Правото на социјална **парична помош** се остварува во центарот за социјална работа.

## ДЕТСКИ ДОДАТОК

**Детски додаток** е право на детето и се обезбедува како паричен надоместок за покривање на дел од трошоците при подигање и развој на детето, во зависност од материјалната состојба на домаќинството и му се обезбедува на дете до наполнување 18 години живот, како и на корисници на **гарантирана минимална помош** согласно Законот за социјална заштита.

Право на **детски додаток** му се обезбедува и на дете од домаќинство кое остварило, односно користи право на **гарантирана минимална помош** согласно со Законот за социјална заштита.

Право на **детски додаток** може да оствари еден од родителите на детето, старателот или лицето на кое со решение на надлежниот центар за социјална работа детето му е доверено на чување и воспитание под услови утврдени со овој закон.

Корисникот на правото на **детски додаток** треба да биде државјанин на Република Северна Македонија со постојано место на живеење во Република Северна Македонија. Странски државјанин кој има живеалиште и регулиран постојан престој во Република Северна Македонија може да оствари право на детски додаток за дете согласно со Законот за заштита на децата и меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

**Детски додаток** следува за децата кои родителот ги издржува и тоа за деца родени во брак или вон брак, посвоени деца, како и за внуци, браќа, сестри и за други деца земени на издржување.

Правото на **детски додаток** е во зависност од бројот на членови во домаќинството и се пресметува со еквивалентна скала која е за еден член на домаќинството.
**Еквивалентната скала се зголемува дополнително за 1,2 за самохран родител.**

При утврдување на висината на прагот за пристап на правото на детски додаток, за член на домаќинство или семејство не се смета лице кое е:

- На издржување казна затвор подолго од 30 дена;
- Со решение на центарот за социјална работа е сместено во установа за вон семејна социјална заштита, или е сместено во здравствена или друга установа за период додека трае сместувањето, и
- Сторител на семејно насилство.

Висината на **детскиот додаток** се усогласува со порастот на трошоците за живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.

Правото на **детски додаток** се остварува во Центарот за социјална работа.

## ДОДАТОК ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

**Додаток за образование** се обезбедува заради покривање на дел од трошоците на домаќинството поврзани со образованието на децата, во зависност од материјалната состојба на домаќинството како и за корисници на гарантирана минимална помош согласно со Законот за социјална заштита.

**Еквивалентна скала се зголемува дополнително за 1,2 за самохран родител.**

При утврдување на висината на прагот за пристап на правото на детски додаток, за член на домаќинство или семејство не се смета лице кое е:

- На издржување казна затвор подолго од 30 дена;
- Со решение на центарот за социјална работа е сместено во установа за вон семејна социјална заштита, или е сместено во здравствена или друга установа за период додека трае сместувањето, и
- Сторител на семејно насилство.

**Правото на додаток за образование** се користи за дете кое присуствува на најмалку 85% од вкупниот број реализирани наставни часови и не користело **додаток за образование** за истата учебна година. Висината на **додатокот за образование** се усогласува со порастот на трошоците за живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година. Барањето за остварување на правото со потребна документација се поднесува до Центарот за социјална работа, надлежен за подрачјето на кое родителот има живеалиште или престојувалиште.

## НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

**Право на надоместок за помош и нега од друго лице** има лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице поради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот, доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи.

Висината на **надоместокот за помош и нега од друго лице** се утврдува во зависност од обемот на потребата за помош и нега од друго лице. Висината на месечниот надоместок за **помош и нега од друго лице** е усогласена со порастот на трошоците за живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година. Надоместокот се поднесува во Центарот за социјална работа.

## НАДОМЕСТОК ПОРАДИ ПОПРЕЧЕНОСТ

**Надоместок поради попреченост** се обезбедува за поттикнување социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е:

- Со тешка или длабока интелектуална попреченост
- Со најтешка телесна попреченост,
- Потполно слепо лице и- потполно глуво лице.

**Надоместок поради попреченост** може да оствари лице со навршени 26 години возраст, најдоцна до 65-годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот. Износите на надоместокот се усогласуваат со порастот на трошоците за живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

**Правото на надоместок поради попреченост** се остварува врз основа на конзилијарно мислење од првостепена комисија составена од тројца лекари специјалисти од соодветна терцијарна здравствена установа

**Надоместок на плата за скратено работно време заради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот.** Правото на надоместок на плата за скратено работно време заради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот и со најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со Законот за работни односи, се остварува во Центарот за социјални работи.

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**Право на здравствена заштита** имаат корисниците на:

• Корисник на гарантирана минимална помош,  лице кое е неспособно за работа;
• Корисник на надоместок поради попреченост;
• Корисник на надоместок за помош и нега од друго лице;
• Лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита;
• Корисници на вон-семејна заштита;
• Лице-жртва на семејно насилство за кое се презема мерка за заштита согласно со прописите од областа за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и
• Лице-жртва на трговија со луѓе.

**Корисниците остваруваат право на здравствена заштита, само доколку не можат да се стекнат со осигурување по друг основ.**

## САМОХРАНИТЕ РОДИТЕЛИ КОИ ИМААТ НИСКИ ПРИМАЊА СЕ ОСЛОБОДЕНИ ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ВО ЈАВНА УСТАНОВА - ДЕТСКА ГРАДИНКА

Според Министерството за труд и социјална политика с**ите самохрани родители кои имаат плата и месечни приходи во износ до минималната плата** утврдена со закон, се ослободени од плаќање партиципацијата за сместување дете во детска градинка согласно со Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца.

Јавните установи за деца - детските градинки и сите самохрани родители кои ги исполнуваат законските услови за остварување на правото на партиципација да поднесат барање со потребната документација, наведена во Правилникот, до јавната установа за деца во која детето престојува, односно е згрижено, за остварување на правото на партиципација.

## СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА

Правото на семејна пензија можат да го остварат следните членови на семејството:

- Брачен другар;
- Брачен другар од разведен брак, доколку со судска одлука му било утврдено правото на издржување;
- Деца (независно од фактот дали се родени во брак или надвор од брак, или пак се посвоени, посиноците кои ги издржувал осигуреникот, внучињата и други деца без родители кои ги издржувал осигуреникот);
- Родителите (таткото и мајката, или пак очувот и маќеата) и посвоителот, кои ги издржувал осигуреникот;
- Внучиња без родители, другите деца без родители и родителите што ги издржувал осигуреникот, но само под определени услови утврдени со Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

За остварување на правото на семејна пензија треба да се исполнат општи и посебни услови. Општите услови важат во поглед на осигуреникот од кого се изведува правото на семејна пензија, а посебните услови важат во поглед на лицето кое реално ќе го користи правото на семејна пензија.

Општи услови за стекнување право на семејна пензија:

- Ако осигуреникот од кого се изведува правото за користење семејна пензија до денот на смртта наполнил најмалку 5 години стаж на осигурување или стекнал најмалку 10 години пензиски стаж;
- Ако осигуреникот ги исполнил условите за стекнување право на старосна или инвалидска пензија или веќе бил корисник на старосна или инвалидска пензија;
- Ако смртта на осигуреникот настапила како последица од повреда на работа или од професионална болест, без разлика на должината на пензискиот стаж. Посебни услови за стекнување право на семејна пензија, важат доколку корисник на пензијата е:
- Вдовец/вдовица;
- Дете;
- Родител на осигуреникот кого осигуреникот, односно корисникот на пензија, го издржувал до својата смрт.

Посебните услови се определени со Законот за пензиско и инвалидско осигурување и треба да бидат исполнети од страна на лицето кое ќе се јави како корисник на семејна пензија.

# ОБРАЗОВАНИЕ

## СТИПЕНДИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ ОД ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

**Право на стипендија** имаат кандидатите кои учат во јавните средни училишта во Република Северна Македонија, а ги исполнуваат следните услови:

1. Да се редовни ученици од I година, кои во текот на основното образование постигнале континуиран најмалку многу добар успех;
2. Да се редовни ученици од II, III и IV година, кои во текот на средното образование постигнале континуиран најмалку многу добар успех;
3. Да не повторувале година во текот на образованието;
4. Да не се корисници на стипендија од други институции или фирми;
5. Да се државјани на Република Северна Македонија.

Критериуми за доделување на стипендиите се:

- Материјалната состојба на потесното семејство на ученикот;
- Социјалната положба на потесното семејство на ученикот;
- Остварениот успех и
- Освоени награди на меѓународни/државни натпревари во текот на претходните две учебни години за учениците од прва година, односно во текот на претходната учебна година за учениците од II, III и IV година

**Учениците – деца на самохрани родители**, деца на корисници на социјална помош и деца на корисници на надоместок по основ на технолошки вишок кај кои вкупните приходи во семејството се до нето-минималната плата утврдена во Република Северна Македонија, добиваат по 5 бода.

За награди освоени на државно ниво ќе се признаваат само награди доделени од акредитирани здруженија на наставници од страна на Министерството за образование и наука кои организираат натпревари за ученици. Под меѓународен натпревар се подразбира меѓусебен натпревар помеѓу ученици од најмалку десет различни држави.

## ЈАВНИ УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ИСХРАНА УЧЕНИЦИ ОД СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Начинот и постапката за прием на учениците во јавните ученички домови, како и условите за сместување и исхрана се регулираат согласно со Законот за ученички стандард и Правилникот за начинот и постапката за прием на учениците во јавните ученички домови.

**Учениците, кои ќе бидат примени за сместување и исхрана во дом**, сами ќе ги подмируваат трошоците за превоз од - до постојаното место на живеење.

## СТИПЕНДИИ НА РЕДОВНИ СТУДЕНТИ ЗАПИШАНИ НА ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ ОД ПРВ ЦИКЛУС НА ЈАВНИТЕ И ПРИВАТНИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ И ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ

а) Прва група – стипендии за редовни студенти од социјални категории запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија.

Критериуми за доделување на стипендиите од прва група за социјални категории:

- Постигнат успех од претходните студиски години до тековната година за сите студиски програми;
- За критериумот материјални можности на студентите и нивните семејства, се земаат вкупните месечни примања по член на семејство на студентот (месечните нето-плати и годишните приходи по разни основи. За оние студенти за кои за месечни примања на семејството по член кои се повисоки од 75% од просечно исплатена на месечна нето-плата во Република Северна Македонија не се добиваат бодови и по таа основа ќе бидат дисквалификувани од оваа група стипендии;
- Студентите кои до 18 години биле без родители и родителска грижа, студентите кои се категоризирани како лица со посебни потреби, **студенти - деца на самохран родител**, студенти - деца на корисници на социјална помош и студенти - деца на корисници на надоместок по основ на технолошки вишок за кои вкупните приходи во семејството се под нето минималната плата утврдена во Република Северна Македонија добиваат дополнителни 10 бода;
- Студентите кои немаат положено најмалку 80% од предвидените испити за претходните студиски години нема да бидат рангирани.
- Документите на студентите, кои ќе освојат 0 бода по основ на критериумот материјални можности нема да се разгледуваат;
- Студентите кои учествуваат во Програмата за обезбедување туторство на ученици од основното образование;
- Доколку има повеќе пријавени кандидати со ист број бодови, предност имаат кандидатите запишани во повисока година од студиите.

## СТУДЕНТИ ЗАПИШАНИ НА ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ ВО ДРЖАВНИТЕ СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ

Распределбата на вкупниот број на расположливи места во домовите се врши на следниот начин:

а) прва група – 40% од вкупниот број на расположливите места во домовите се за студенти за кои вкупните приходи во семејството се **до нето-минималната плата** утврдена во Република Северна Македонија, и тоа за студенти:

- деца без родители и родителска грижа;
- деца со посебни потреби;
- деца на корисници на социјална парична помош и постојана парична помош;
- **деца на самохран родител**;
- деца на невработени родители и
- деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини.

б) Во првата група спаѓаат и студенти за кои вкупните приходи во семејството се **над нето-минималната плата** утврдена во Република Северна Македонија и тоа за студенти:

- деца без родители и родителска грижа;
- деца со посебни потреби;
- **деца на самохран родител**;
- деца на невработени родители;
- деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини.

## ПРАВО НА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК

Сите студенти кои ги исполнуваат следните услови за остварување на правото на субвенциониран оброк:

- Кои се државјани на Република Северна Македонија;
- Кои се редовни студенти на додипломски студии на државните и приватните универзитети;
- Кои не се во редовен работен однос;
- Кои не се регистрирани како индивидуални земјоделци и
- Кои немаат месечен приход по кој било основ поголем од минималната нето плата во републиката за тековната година.

Субвенциониран **студентски оброк** е финансиска поддршка што студентот ја добива од Министерството за образование и наука за купување приготвена храна.

Корисниците имаат право услугата да ја користат од понеделник до сабота. Доколку корисникот на субвенциониран **студентски оброк** во наведениот период не го искористи правото на субвенционирање студентски оброк, износот од субвенциониран студентски оброк не му се префрла во наредниот ден.

Правото за субвенциониран **студентски оброк** корисникот не може да го остварува во периодот од 1 јули до 1 октомври во годината во која се стекнал со правото на субвенционирање студентски оброк, како и за време на државни празници и неработни денови.

## БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Граѓаните кои се со незавидна финансиска положба, можат да се обратат до Министерството за правда и до неговите подрачни единици и да побараат да им се даде **правна помош** или да им се обезбеди адвокат кој ќе биде платен од Буџетот на министерството.

**Бесплатната правна помош** граѓаните можат да ја добијат за имотно-правни спорови, должничко-доверителски односи, за прашања од пензиско и инвалидско осигурување, за застапување жртви на семејно насилство, за остварување социјална помош, за спорови со осигурителни компании, но и за други потреби. Законот предвидува давање **примарна** и **секундарна правна помош.**

**Примарната правна помош** се состои од давање општ правен совет, општа правна информација, помош при составување барање за бесплатна правна помош.

**Секундарната правна** помош ја даваат адвокатите и таа се состои од застапување во граѓански судски постапки, во управни постапки пред Фондот за пензиско и инвалидско осигуривање, Фондот за здравствено осигурување, застапување во постапка за расправање оставина пред нотар, составување поднесоци на должник пред извршител и сл.

Корисниците на **бесплатна правна помош** се ослободени од судски трошоци и од трошоци за вештачење (истото ќе се врши од Бирото за судски вештачења без надоместок).

| | | |
|---|---|---|
| МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – Битола | 047 233 020 | mkcbt@t-home.mk |
| Македонско здружение на млади правници (МЗМП) – Скопје | 02 3220 870 | contact@myla.org.mk |
| Здружение Национален Ромски Центар Куманово | 031 427 558 | info@nationalromacentrum.org |

| | | |
|---|---|---|
| Здружение ЕХО Едукативно - хуманитарна организација Штип | 032 384 143<br>032 607 143 | ed_hum_eho@yahoo.com |
| Здружение МУЛТИКУЛТУРА – Тетово | 044 377 775 | nfo@multikultura.org.mk |
| ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ „ИЗБОР"– Струмица | 075 495 470<br>076 453 808 / 075 495 473 | izborsr@gmail.com |
| Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје | 02 3119 073<br>02 3290 469 / 072 278 436 | info@mhc.org.mk |
| Језуитска служба за бегалци - подружница Македонија | 02 3237 299<br>072 304 800 | jrs@t-home.com |
| Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје | 02 3243 331 | ihr@ihr.org.mk |
| Здружение Коалиција на здруженија на граѓани „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ" | 02 6139-874 | contact@all4fairtrials.org.mk |
| Здружение ХОПС - опции за здрав живот Скопје (ХОПС) | 02 3246 205 | hops@hops.org.mk |
| Здружение за одржлив развој СФЕРА Интернашнл – Битола | 074 245 154 | info@sferainternational.org |
| Здружение Женски Форум – Тетово | 044 337 440<br>044 343 410 | info@forumi.org.mk |
| Здружение Невладина организација „КХАМ" – Делчево | 071 215 356 | nvokhamdelcevo@gmail.com |
| Здружение „Организација за жените на Општина Свети Николе" - Свети Николе | 077 653 637 | womsvetinikole@yahoo.com |
| Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ | 02 3117 866 | esem@esem.org.mk |

## БЕСПЛАТНА ПСИХОЛОШКА ПОМОШ

| | | |
|---|---|---|
| Младински Центар „Сакам да Знам“ | 02 3176 950 | hera@hera.org.mk |
| Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ | 02 3117 866<br>+389 71 266 101 | esem@esem.org.mk |
| Анима центар за личен развој, едукација и психотерапија | 02 3 106 212 | mtsp@mtsp.gov.mk |

# ПОВАЖНИ КОНТАКТИ И ИНФОРМАЦИИ

| | | |
|---|---|---|
| Претседател на Република Северна Македонија | 02 3253 124 | contact@president.mk |
| Влада на Република Северна Македонија | 02 311 8022 | info@vlada.gov.mk |
| Министерство за труд и социјална политика | 02 3 106 212 | mtsp@mtsp.gov.mk |
| Министерство за правда | 02 3116 493<br>02 3116 648 | cabinet@mjustice.gov.mk<br>publicrelation@mjustice.gov.mk |
| Министерство за образование и наука | 02 3212 915 | contact@mon.gov.mk |
| Народен Правобранител | 02 3129 335 | contact@ombudsman.mk |
| Комисијата за спречување и заштита од дискриминација | 02 323 2368 | contact@kszd.mk |
| УНИЦЕФ МК | 02 32 31 150 | skopje@unicef.org |
| Детска амбасада МЕЃАШИ | 02 2465 316 | info@childrensembassy.org.mk |
| НМСМ | +389 78 350 531 | info@nms.org.mk |
| Млади од семејна разновидност | 02 3176 950 | ngo.ydf@gmail.com |

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


| | |
|---|---|
| **Министерство за труд и социјална политика** | https://www.mtsp.gov.mk/ |
| **Министерство за образование и наука** | https://mon.gov.mk/ |
| **Министерство за правда** | https://www.pravda.gov.mk/ |
| **Фонд за здравствено и пензиско осигурување РСМ** | https://fzo.org.mk/ |
| **Агенција за млади и спорт** | http://www.ams.gov.mk/ |
| **Национален Младински Совет на Македонија** | https://nms.org.mk/ |

## ВЕБ-СТРАНИЦИ

- https://www.osce.org/files/f/documents/0/7/110440.pdf
- https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/braniteli_precisten.pdf
- http://www.zsr-skopje.mk/wp-content/uploads/2016/06/HANDBOOK_mac.pdf
- https://pravnapomos.mk/
- https://www.dbki.gov.mk/?q=node/135
- https://nms.org.mk/
- https://hera.org.mk/mladinski-centar-sakam-da-znam-vodno/
- http://www.esem.org.mk/
- https://animacentar.com/
- https://ombudsman.mk/
- https://kszd.mk/
- https://pretsedatel.mk/
- https://vlada.mk/
- https://www.unicef.org/northmacedonia/mk
- http://www.childrensembassy.org.mk/

## ЗАКОНИ

- Закон за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 104 од 23.5.2019 година)

- Закон за заштита на децата (Службен весник на Република Македонија бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018, 104/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022 и 236/2022).

- Закон за семејство (Службен весник бр. 80/1992, 9/1996, 19/2000, 79/2001, 38/2004, 60/2005, 33/2006, 84/2008, 117/2009, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015, 150/2015, 122/2018, 51/2021, 53/2021).

- Закон за пензиско и инвалидско осигурување (Службен весник на Република Македонија бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016, 132/2016, 27/2018, 35/2018, 220/2018, 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија 180/2019, 275/2019, 31/2020, 267/2020, 67/2022, 79/2023).

- Закон за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 82 од 8.5.2018 година).

- Закон за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Македонија бр.58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 96/19 и 110/19).

- Закон за студентски стандард (Службен весник на Република Македонија бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18 и 20/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 124/19, 248/20 и 302/20).

- Законот за ученички стандард (Службен весник на РМ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18, 20/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 248/20 и 302/20).

- Закон за субвенциониран студентски оброк (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 31/2020, 150/2021, 251/22 и 91/23).

# ПРАВИЛНИЦИ

**Правилници донесени согласно со Законот за социјална заштита**

- Правилник за начинот на остварување на правото на гарантирана минимална помош, утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото, образецот на барањето и потребната документација (Службен весник на РСМ бр.109/19).

- Правилник за начинот за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, образецот за барањето и потребната документација, образецот за дадено мислење од страна на матичниот лекар за потребата од помош и нега од друго лице, начинот на работа на стручната комисија, составот и начинот на работата на второстепената комисија, начинот на водење евиденција за издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице (Службен весник на РСМ бр.126/19).

- Правилник за начинот за остварување на правото за надоместок поради попреченост, потребната документација, составот на провостепената и на второстепената комисија, формата и содржината на конзилијарното мислење, како и надоместокот за издавање конзилијарно мислење (Службен весник на РСМ бр.111/19).

- Правилник за начинот на остварување на правото на еднократна парична помош, образецот на барањето и потребната документација за остварување на ова право (Службен весник на РСМ бр109/19)

- Правилник за начинот за остварување на правото на надоместок на плата за скратено работно време, образецот на барањето и документацијата за остварување на правото (Службен весник на РСМ бр.109/19).

**Правилници донесени согласно со Законот за заштита на децата**

- Правилник за поблиските услови и начинот за остварување на правата за заштита на децата, како и утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството и семејството за правата на детски додаток, родителски додаток за дете и додаток за образование (Службен весник на РСМ бр.109/19).

- Правилник за поблиските услови и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца (Службен весник на РСМ бр.157/19).

- Правилник за формата и содржината на образецот на барањето и потребната документација за остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца и на образецот на барањето и потребната документација за остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца - детска градинка (Службен весник на РСМ бр.234/20).

**Правилници донесени согласно со Законот за студентски стандард**

- Правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии (Службен весник на РСМ бр. 258/20 и 160/21).

**Правилници донесени согласно со Законот за ученички стандард**

- Правилникот за начинот и постапката за прием на учениците во јавните ученички домови (Службен весник на РМ бр. 55/10, 49/11, 50/15, 59/16, и 41/17).

- Правилникот за начинот на остварување на правото за сместување во ученички дом за учениците во спортска академија Службен весник на РМ бр.20-6066/16 ).

**Правилници донесени согласно со Законот за субвенциониран студентски оброк**

- Правилникот за формата и содржината на изјавата за точност на внесените податоци и за формата и содржината на образецот на пријавата за стекнување со право на субвенциониран студентски оброк (Службен весник на РСМ бр.299/20 и 164/21).

**Правилници донесени согласно со Законот за пензиско и инвалидско осигурување**

- Правилникот за образецот на барањето и потребната документација за остварување на право на старосна пензија, семејна пензиа, инвалидска пензија и паричен надоместок за телесно оштетување (Службен весник на РМ бр.139/16).

MLADIHUB

British Embassy
Skopje

UKaid
from the British people

Stella

Национален младински совет
на Македонија

ydf.mk